**Известување за концентрација со која Алвин Интернатионал АГ , Швајцарија, ќе стекне контрола над Логфлекс МТ Холдинг Лимитед (Малта)**

**(предмет бр. 08-48/2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24), на ден 26.02.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која Алвин Интернатионал АГ (Allwyn International AG), со регистрирано седиште на адреса Мухленплац 9, 6004, Луцерн, Кантон Луцерн, Швајцарија, стекнува самостојна контрола над Логфлекс МТ Холдинг Лимитед (Logflex MT Holding Limited), со регистрирано седиште на адреса МВХ Зграда, Канцеларија бр. 1, улица Оратори, Наксар, НКСР 2504, Малта

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Алвин Интернатионал АГ** е 100% зависно друштво на Алвин АГ (Allwyn AG), холдинг друштво основано во Швајцарија, кое стекнува и управува со удели во компании од индустријата на игри и е друштво-мајка на Алвин Групацијата (Allwyn Group).

Алвин Групацијата е мултинационален оператор на лотарија со значително присуство во Австрија, Чешката Република, Грција, Кипар, Италија, Обединетото Кралство и Соединетите Американски Држави (Илиноис), и истата крајно е поседувана од ККЦГ Групацијата (KKCG Group).

ККЦГ Групацијата инвестира во повеќе бизнис области, вклучително лотарии и игри на среќа, енергетика, недвижности, и информатички технологии.

Во Република Северна Македонија, ККЦГ Групацијата е присутна на пазарот на работење со терминали за видеолотарија и пазарот на информатичка технологија, и ги има следните зависни друштва во Северна Македонија:

- КАСИНОС АУСТРИА ИНТЕРНАТИОНАЛ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје, со приоритетна дејност Дејности на коцкање и обложување;
- Државна Видеолотарија на Република Македонија – Касинос Аустриа ДОО Скопје, со приоритетна дејност Дејности на коцкање и обложување;
- КИНШИФТ ДООЕЛ Скопје (со претходен назив Сеавус ДООЕЛ Скопје), со приоритетна дејност Компјутерско програмирање;
- КИНШИФТ АКАДЕМИ ДООЕЛ Скопје (со претходен назив СЕАВУС ЕДУКАТИВЕН И РАЗВОЕН ЦЕНТАР ДООЕЛ Скопје);
- МУСАЛА СОФТ ДООЕЛ Скопје, со приоритетна дејност Компјутерско програмирање.

**Логфлекс МТ Холдинг Лимитед** е активно во областа на онлајн спортско обложување и онлајн казино.

Логфлекс МТ Холдинг Лимитед нема зависни друштва во Северна Македонија и на ниту еден начин не е присутно на пазарот на Северна Македонија.

Според подносителот на известувањето релевантниот пазар за предметната концентрација би може да се дефинира како пазар на онлајн игри на среќа на Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

10.03.2025 година
Скопје